На родените по нас
(9 песни)

Бертолт Брехт



едиција
СЛОБОДИШТЕ #1

Содржина

На родените по нас 3

Германија 6

На оние кои легнале
на брашното 8

Маската на злиот демон 11

За изборот на животните 13

Што вреди добрината 14

За полевањето на градината 15

На родените по нас

I

Навистина, живеам во мрачно време!
Безопасниот збор е глупав. Безгрижното чело
знак е на неосетливост. Оној што се смее
само сѐ уште не ја примил
ужасната вест.

Какво е тоа време во кое
разговорот за стеблата е речиси злостор
зашто подразбира молчење за толку злодела!
Зарем оној што таму мирно минува улица
стварно не е дома за своите пријатели
коишто имаат тешкотии?

Вистина: уште заработувам за живот.
Но, верувајте ми: сосема случајно. Ништо
од сѐ што правам не ми дава право сит да си се најадам.
Случајно сум поштеден. (Ако ме напушти среќата,
ќе бидам изгубен.)

Ми велат: Јади и пиј! Биди среќен што имаш што!
Но како да јадам и пијам
кога изеденото го грабам од гладниот,
а чашата вода што ја испивам му фали на жедниот?
А сепак јадам и пијам.

Би сакал и да сум мудар.
Во староставните книги пишува што е мудро:
да не се мешаш во кавгата на светот и својот кус век
да го проживееш без страв.
Да се одржиш и без насилство,
на злото да враќаш со добро,
своите желби да не ги исполнуваш, туку да ги забораваш
– се смета како мудро.
Јас сето тоа не го можам:
навистина, живеам во мрачно време!

II

Во градовите дојдов во време на нередите
кога во нив владееше гладта.
Меѓу луѓето дојдов во време на буните
и заедно со нив се бунев.
Така измина времето
што ми беше дадено на земјата.

Јадев помеѓу битките,
на починка легнував меѓу убијци.
Љубов водев немарно,
а природата ја гледав без трпение.
Така измина времето
што ми беше дадено на земјата.

Патиштата во мое време водеа во мочуришта.
Говорот ме издаваше пред целатот.
Малку нешта можев. Но властодршците,
се надевав, побезбедно ќе си седеа да ме немаше.
Така измина времето
што ми беше дадено на земјата.

Силите беа слаби. Целта
лежеше мошне далеку.
Беше јасно видлива, иако за мене
речиси недостижна.
Така измина времето
што ми беше дадено на земјата.

III

Вие што ќе изнурнете од потопот
во којшто ние потонавме,
спомнете си,
кога ќе зборувате за нашите слабости,
и на мрачново време
од кое вие избегавте.

Оти ние одевме, менувајќи ги земјите почесто од чевли,
низ војните на класите, очајни
кога само неправди, но не и буни имаше.

А знаеме и самите:
омразата, дури и спрема подлоста,
ги унаказува цртите на лицето.
Гневот, дури и оној поради неправда,
го прави гласот засипнат. Ах, ние
што сакавме да го подготвиме тлото за љубезност,
самите не можевме да бидеме љубезни.

Но вие, кога најпосле ќе дојде времето
човек на човека да му биде другар,
спомнете нѐ
со трпеливост.

Германија

Други нека зборуваат за својата срамота;
јас ќе зборувам за својата

О Германија, бледа мајко!
Како извалкана седиш
Меѓу народите!
Меѓу закашканите
Упаѓаш во очи.

Најбедниот од твоите синови
Лежи сотрен.
Кога гладта му беше голема,
Други твои синови
Дигнаа рака на него.
Тоа се расчу.

Со така подигнати раце,
Дигнати кон својот брат,
Дрско се моткаат пред тебе
И ти се смеат в лице.
Тоа се знае.

Во твојата куќа
Вриска лагата.
А вистината
мора да молчи.
Така ли е?

Зошто насекаде те фалат угнетувачите
А угнетуваните те окривуваат?
Експлоатираните
Со прст укажуваат кон тебе
А експлоататорите го фалат системот
Што во твојата куќа е измислен!

А сите гледаат
Како ја криеш својата подсукња, крвава
Од крвта на твојот
Најдобар син.

Кога ги слушаат говорите што допираат од твојата куќа,
Се смеат.
Но кој ќе те здогледа, го дофаќа ножот
Како да гледа арамија.

О Германија, бледа мајко!
Како само те средија синовите
Меѓу народите да седиш
Како ругло или ужас!

На оние кои легнале на брашното

За да не го изгуби лебот
Во време на засиленото злоставување,
Понекој решил вистината
За злосторствата на режимот кој го организира грабежот
Веќе да не ја каже, но,
Исто така, да не ги шири лагите на режимот, значи,
Вистина, ништо да не разоткрива, но
И ништо да не разубавува. Оној што така постапува,
Само изгледа како уште еднаш да ја потврдува решеноста
Ниту во времињата на сè поголемото злоставување
Да не го загуби образот, а заправо,
Само е решен
Да не го загуби лебот. Да, таа негова решеност
Да не ја каже невистината му служи за отсега
Да ја премолчува вистината. Иако тоа е можно
Само некое време. Но и за тоа време,
Додека уште влегуваат во канцеларииите и редакциите,
Во лабораториите и во фабричките дворови како луѓе
Од чиишто усти не излегува невистината,
Тие веќе прават зијан. Кој ни со око не трепнува
На глетките на крвави злостори, им дава, имено,
Привид на природност. Тој со тоа
Страшното злодело го прикажува небаре е
Нешто неупадливо како дожд,
А и неизбежно како дожд.

Та така веќе со своето молчење ги поддржува
Злосторниците, а набрзо ќе
Забележи дека, за да не го загуби лебот,
Не само што мора ја премолчува вистината
Туку е приморан да блаботи лаги. Благонаклоно
Злоставувачите го прифаќаат оној што е спремен
Да не го загуби лебот.
Тој се држи како да не е подмитен,
Оти ништо не му е дадено, само што
Ништо не му е ни одземено.
Кога наздравичарот,
Станувајќи од масата на властодржецот,
Ја отвора устата, па меѓу забите
Му се гледаат остатоците од ручекот,
Неговата славопојка се слуша со сомнеж.
А славопојката на оној
Кој до вчера поткарувал
И не бил викан на победничката гозба
Вреди повеќе. Тој
Сепак е пријател на злоставуваните. Тие го знаат.
Што вели тој, така е.
Што не вели, тоа не е.
А тој, еве, вели
Дека нема злоставување.

Најдобро му е на убиецот
Да го прати братот на убиениот,
Кого го поткупил, да потврди
Дека брата му
Го убила цигла од покривот. Простата лага, вистина,
Му помага на оној што не сака да го загуби лебот,
Но не долго. Ги има и премногу
Од неговиот сој. Набрзо,
Тој упаѓа во неумоливиот натпревар на сите оние
Што не сакаат да го изгубат лебот: веќе не е доволна
Само спремноста да се лаже.
Потребно е умеење, се бара страст.
Желбата да не се изгуби лебот се спојува со
Желбата со посебна вештина и најбудалестото ломотење
Да стекне некаква смисла, неискажливото
Сепак да се искаже.
Покрај тоа, таквиот мора на злоставувачите
Да им чати повеќе од другите, бидејќи е
Под сомнеж дека еднаш порано
Ги оцрнувал злоставувачите. На тој начин
Оние што ја знаат вистината стануваат најлути лажговци.
А сето тоа трае само
Додека некој не дојде и им ги докаже
Некогашната честитост, поранешната чесност;
И тогаш тие го губат лебот.

Маската на злиот демон

На мојот ѕид виси јапонска резбарија,
Маска на зол демон, златно лакирана.
Сожаливо ги гледам
Набрекнатите жили на челото што покажуваат
Колку е напорно да се биде зол.

За изборот на животните

Кога господинот Којнер, човекот што мисли, слушнал
Дека најпознатиот злосторник на градот Њујорк,
Еден шверцер со алкохол и масовен убиец,
Е убиен како пес и
Во тајност покопан,
Тој изрази зачуденост.

„Како!“, рече тој, „зарем дотаму дошло
Што ни злосторникот не е сигурен за животот
И дека ни оној што е на сѐ спремен
Не успева?
Општо е познато дека се изгубени оние
Кои држат до своето човечко достоинство,
Но оние што се откажале од него?!
Треба ли тоа да значи: Кој избегал од понорот,
Ќе падне на висот?

Ноќе од сон рипаат, мокри од пот, чесните луѓе,
Најлесниот чекор им втерува страв в коски,
Нивната чиста совест ги прогонува и в сон,
А сега слушам: ни злосторникот
Веќе не може мирно да спие?
Каков метеж!

Какви се овие времиња!
Со обичен безобразлук, слушам,
Веќе ништо не се постигнува.

Само со едно убиство
Никој не може да се пробие.
Две до три предавства до пладне:
На тоа секој би бил спремен.
Но што вреди спремноста
Кога единствено е важно умеењето!
Дури ни бескарактерноста не е доволна:
Одлучува учинокот!

Дури и злосторникот
Се симнува в гроб незабележано.
Бидејќи има многу нему слични,
Не упаѓа в очи.
Колку поевтино можел да го добие гробот
Тој кому парите се толку важни!
Толкави убиства,
А толку малку пријатели!
И да беше сиромашен
Не ќе беа толку малце.

Како, соочени со такви случаи,
Да не ја загубиме храброста?
Што уште да настојуваме?
Какви уште злостори да измислиме?
Не е добро кога премногу се бара.
Гледајќи го тоа“, рече господинот Којнер,
„Се обесхрабруваме.“

Што вреди добрината

I

Што вреди добрината
Кога добрите веднаш ги убиваат, или ги погубуваат
Оние спрема кои овие се добри?

Што вреди слободата
Кога слободните мораат да живеат меѓу неслободните?

Што вреди разумот
Кога само безумието ја обезбедува толку потребната храна?

II

Наместо само да бидете добри, потрудете се
Да создадете состојба што ја овозможува добрината,
Уште подобро: која ја прави излишна!

Наместо само да бидете слободни, потрудете се
Да создадете состојба која ги ослободува сите.
Па дури и љубовта спрема слободата
Ја прави излишна!

Наместо само да бидете разумни, потрудете се
Да создадете состојба во која безумието
Никому не се исплатува!

За полевањето на градината

О, вадење на бавчата, зеленилото да се осоколи!
Залевање на жедните стебла! Дај што повеќе вода. И
Не заборавај ги грмушките, па ни оние
Без бобинки, ни оние што, истоштени,
Останале голи. И немој да ми го превидиш
Плевелот меѓу цвеќето, исто така
Жеден. Не залевај го само
Свежиот тревник, ни само оној подзасушениот:
Освежи ја и голата почва.

Бертолт Брехт е роден 1898 година во Аугсбург. Уште од првите антивоени песни објавени 1916 година се труди да ја „проучува реалноста“, да создава „дела со употребна вредност“ што имаат „сила на документи“. Продлабочување на општествената критика, поточно критика на капиталистичките односи, ќе следи откако ќе го проучи „Капиталот“ на Маркс. Со создавањето на „епскиот театар“ Брехт преку ноќ стекнува слава. Од тој младешки период најпозната драма му е „Операта за три гроша“ прв пат изведена 1928 година во Берлин.

Во 1930 година почнува неговото отворено спротивставување на националсоцијалистите. Во 1933 година мора да ја напушти Германија и тоа го прави еден ден по палењето на Рајхстагот. Во април 1933 година ќе се најде на познатата нацистичка „црна листа“, а во мај неговите книги ќе бидат јавно запалени. Брехт станува забранет писател во Германија, а во 1935 година му е одземено германското државјанство. Емигрантската одисеја го води во Чешка, Австрија, Швајцарија, Данска, Шведска, Финска. Во периодот помеѓу 1941-1947 живее и работи во Холивуд, во САД. Но и во егзил Брехт постојано пишува.

Во уметноста го интересира реалноста која е економски и политички одредена. Неговата уметност е практична, ангажирана. Неговите политички убедувања го одредиле и неговиот творечки развој. Своето спротивставување на нацизмот го платил со долгогодишен егзил, а лојалноста на социјалистичката идеологија го довела во ситуација во Источна Германија по Втората светска војна да биде инструментализиран во државен писател. Но, токму тврдата политичка реалност ја претворила социјалистичката утопија во држава на функционери и бирократија, од што Брехт уметнички сè повеќе се дистанцирал. Умрел ненадејно од инфаркт, 1953 година во Берлин.

Повторното читање и рехабилитацијата на Брехт во Западна Германија се случува дури во шеесеттите и седумдесеттите години, откако претходно бил презрен како комунистички писател.

Денес се смета за еден од најважните писатели во 20 век.

Издавач: „Граѓаните за Македонија“
(Протестен камп „Слободиште“)
Уредник: П. Вулкански
Скопје, мај 2015